КАРПОШ

неделен Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
29 март - 4 април 2021 Билтен бр. 418

ООУ „Ј.А.КОМЕНСКИ“ ОД КАРПОШ ОДБЕЛЕЖА 57 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ

Основното училиште „Јан Амос Коменски“ одбележува 57 години од своето постоење. Оваа година, како резултат на КОВИД – 19 пандемијата, патрониот ден се одбележа со прилагодени, претежно онлајн активности.

Сепак, училиштето организираше и ликовен и литературен конкурс за заинтересираните ученици.

Исто така, учениците подготвија и кратко видео од онлајн наставата, кое опфаќа интересни моменти од часовите.

Градоначалникот на општина Карпош, Стефан Богоев на сите ученици, наставници и административно – технички кадар им го честиташе денешниот ден:

– Оваа година, патрониот ден се одбележува со онлајн активности иако на сите ни недостасува вообичаениот начин. Искрено, се надевам дека следната година ќе се одбележи во поспокојни услови. Затоа што не постои онлајн платформа која целосно може да ја замени непосредноста, директниот контакт, поздрав, насмевка, емоција или перформанс.

Честитки и чувајте се, истакна Богоев преку својот официјален Facebook профил.

Во изминативе години континуирано се подобруваа условите во оваа образовна установа. Општина Карпош целосно ја реконструираше училишната спортска сала, а во надворешниот дел се направија и нови терени за кошарка, фудбал и ракомет.

КАРПОШ ЗА „ЕНЕРГИЈА БЛИЗУ НУЛА“

Општина Карпош која активно работи на полето на енергетската ефикасност, го промовираше сопственото искуство преку мерките и стимулациите кои ги применува во оваа област, преку своите претставници од Секторот за екологија и енергетска ефикасност, Љупчо Димов и Марина Филипоска, Општината настапи со сопствена презентација на настанот на тема „Добра практика на енергетски ефикасна градба на приватна болница во општина Карпош“. Имено, локалната самоуправа учествуваше на Меѓународната конференција „Towards nearly zero energy hospitals” која деновиве се одржа во рамки на проектот „ZenHBalkan – Болници на Балканот со енергија близу нула”.

На конференцијата беа прикажани повеќе искуства од изградба на енергетско ефикасни болници во Грција, Бугарија, Република Северна Македонија, Албанија и Кипар, (кои воедно се и земји-партнери во проектот), а членовите на извршниот персонал и експерти од партнерските организации ги презентираа реализираните активности и резултатите од проектот ЗенХ – Балкан.

Проектот е поддржан од Европската Унија преку програмата Balkan-Mediterranean, а партнери во него се – Демокрит Универзитетот во Тракија, Одделот за инженерство на животната средина, Ксанти, Грција, ЦеПроСАРД, Северна Македонија, АЛБАФОРЕСТ, Албанија, Софија енергетски центар ДОО, Бугарија и Институт Кипар, Кипар.



РАЗВОЈОТ НА МЛАДИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ Е НАПРЕДОК ЗА ЦЕЛАТА ЗАЕДНИЦА

Вклучувањето на младите лица со попреченост мора да се одвива секојдневно и пандемијата да не претставува пречка. Ова е еден од заклучоците од денешната панел дискусија, на која учествуваа повеќе дефектолози, организации, носители на одлуки, а беше во организација на здружението „ТАКТ“ и општина Карпош.

Успешната соработка меѓу ова здружение и локалната самоуправа продолжува и оваа година преку проектот „Спорт за развој, спорт за сите“. Станува збор за спортски активности, преку кои младите учат за вредности и за тоа како да станат подобри личности. Оваа година, преку оваа соработка ќе се опремат и нови две сензорни соби во основните училишта на Карпош.

Градоначалникот Стефан Богоев зборуваше за политиките и активностите кои општината ги презема за заштита на лицата со попреченост. Се одвојуваат средста за личните и образовни асистенти во висина од 1.080.000 денари, а во меѓувреме се работи и на поставување на нов лифт во ООУ „Владо Тасевски“, како и на отворање на дневен центар за лица со атипичен развој во ООУ „Вера Цировири – Трена“.

– Среќен сум што бевме меѓу првите општини со инклузивни игралишта. Детските игралишта во Влае 2 и Карпош 2 се пример како треба да изгледа детската игра, но ова се и места каде што се уште се забележуваат девијантни појави. За жал, свесно се уништуваат реквизитите, се крши урбаната опрема. Залудно е ако на училиште детето учи како треба да се однесува, но дома добива или воопшто не добива совети. Одговорноста е кај сите нас, рече Богоев.

Во дискусијата учествуваше и поранешната ракометарка, а денеска спортски работник Андријана Будимир. Таа има дете со попреченост, но сподели успешни приказни за тоа како истото било прифатено од своите другари и наставен кадар. Исто така, Будимир предложи дека во сите училишта треба да има посебни наставници по физичко образование за учениците со попреченост, со цел полесно да се одвива образовниот процес.

Деканката на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, Проф. д – р Ленче Алексовска – Величковска напомена дека преку спортот се овозможува поголема социјализација на младите со попреченост, но и промена на начинот на живот. Примарно е важно да градиме личности од младите луѓе, да прифаќаат различности и да акумулираат, стекнуваат вредности. А, потоа од нив да градиме личност – врвен спортист, личност – пофесор по матетика, личност – доктор, истакна Величковска.

На оваа интерактивна дискусија се обрати и дефектологот Вања Врдинова, која работи во ООУ „Петар Поп Арсов“. Таа ја акцентираше потребата од зголемена едукација на наставниците за работа со децата со попреченост, но и повисока јавната свест кај целата заедница. Поттикнувањето на развојот на децата, младите со попреченост значи развој на целата средина, истакна Врдинова.

Претседателката на „ТАКТ“, Магдалена Спасовска го поздрави проактивниот пристап на сите учесници и истакна дека оваа организација продолжува со практични активности за поголема вклученост на лицата со попреченост на локално ниво.

ОШТЕТЕНИОТ ДЕТСКИ „БРОД“ ВО КАРПОШ СЕ ЗАМЕНУВА СО НОВИ РЕКВИЗИТИ

Општина Карпош деновиве започнува со отстранување на оштетените и дотраени реквизити од детското игралиште спроти студентскиот дом „Гоце Делчев“, во урбаната заедница „Пецо Божиновски – Кочо“.

Имено, популарниот „брод“ е целосно оштетен и небезбеден за користење и рекреација на најмладите. Од таа причина, целосно ќе се демонтираат реквизитите и во текот на април ќе бидат поставени нови.

Ги повикуваме родителите, кои најчесто ја посетуваат оваа зона со своите деца, привремено, додека траат изведбените активности, да не се рекреираат во овој дел од Карпош.

Локалната самоуправа продолжува со тековното унапредување на инфраструктурата за најмладите. Во изминатиот период беа реконструирани и детските игралишта во Влае 2, во Жданец, во Козле (на ул. „Јуриј Гагарин“), во Карпош 4 (долж „Никола Парапунов) и др.

Општината апелира на правилно и одговорно користење на урбаната опрема (реквизити, клупи и корпи за отпадоци).

ЕКО – СУБВЕНЦИИ ЗА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ И ЗА КАРПОШАНИ

Жителите на Карпош, како и сите други, можат да побараат поврат на средства доколку вложат во купување и инсталирање фотонапонски панели за производство на електрична енергија до 4 KW за сопствена потрошувачка во домаќинствата. Тоа се однесува за градба на која барателот има право на сопственост или право на користење за 2021 година.

Оваа стимулирачка мерка, преку јавен оглас, ја воведе Министерството за економија со цел да ги поттикне граѓаните што повеќе да користат обновливи извори на енергија кои помалку ги загадуваат воздухот и почвата, односно не влијаат негативно на климатските промени.

На барателите на ваква помош Министерството ќе им обезбеди поврат на средства до 30% од вложеното, но не повеќе од 62.000 денари по домаќинство за 2021 година. Право на учество на овој јавен оглас имаат оние граѓани кои купиле или инсталирале фотонапонски панели од 1 јануари годинава или тоа ќе го сторат до 30 јуни 2021 година.

Доделувањето на надоместокот за дел од трошоците ќе се врши по принципот „прв дојден, прв услужен“, а барање за ваков надоместок може да поднесе само едно лице. Барателите ќе се исплаќаат се до исцрпувањето на предвидените буџетски средства за оваа намена.

За сите подетални услови и потребни обрасци и документи заинтересираните граѓани може да се информираат преку јавно објавениот оглас или на страната на ресорното министерство
https://economy.gov.mk/

„ПАНДЕМИСКИ МАСКЕМБАЛ“ ВО КАРПОШ

Дури ни лошата пандемија од Ковид 19 не ги спречи најмладите сепак да го одбележат Денот на шегата 1 Април.

Почитувајќи го „стариот протокол“ , но со нови и бујни идеи и креации, најмалите ученици во основните училишта во Карпош (оние кои физички ја следат наставата), се потрудија да внесат малку повеќе веселост во овој единствен пролетен ден.

По некоја Похаконтас, принцеза од бајките, јапонска гејша, црвенкапа, но најчесто докторка или медицинска сестра,оние кои се сега најактуелни и најсакани, ги зашаренија и разубавија училишните дворови. Не изостанаа ни лутите пирати, ниту морнарите, супеерхероиите од „Војна на ѕвездите“ страшните јунаци Бетмен, Супермен и Капетан Америка, зајче-безопавче или дивото зајче со питоми уши, смешниот кловн, боцкаво еже, рајска птица и што уште не.

Оние што не дојдоа на денешниот „пандемиски маскембал“ во школскиот двор, не ги мрзеше да направат и еден сајбер маскембал, па преку зоом платформата и тие да направат голема забава полна со првопарилски шеги.

НОВИ СУБВЕНЦИИ ЗА ПЕЧКИ НА ПЕЛЕТИ, ПРОЗОРЦИ, КОЛЕКТОРИ

Граѓаните на Карпош, кои ќе купат печки на пелети во периодот од почеток на годинава, односно од 1 јануари до 31 мај 2021, можат да поднесат барања до Министерството за економија за субвенции, односно за надоместување на дел од трошоците. Притоа тие ќе добијат поврат на пари до 50%, за оваа 2021год., но не повеќе од 20.000 денари од домаќинство, и до 70%, од вложеното, но не повеќе од 25.000 ден. за лица со пониски примања.

Единствен услов е домаќинствата да не користеле веќе вакви бенефиции од Буџетот на државата. Инаку лица со ниски примања се сметаат оние кои во домаќинството немаат вкупно пригоди повеќе од 30.000 денари, пензионерски семејства со примања до 20.000 денари или семејства од ранливи групи.

Принципот на доделба на субвенции е „прв дојден-прв услужен“.

Под исти услови, со сити проценти, суми и за исти категории граѓани ќе се надоместуваат и дел од трошоците за купени или вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци, ако и тие не користеле досега средства од државниот буџет за таа намена. Жителите на Карпош, исто така можат да користат поврат на средства врз основа на објавен оглас на Министерствот за економија и доколку купат соларни терминални колекторски системи (колектори, резервоари за топла вода и потрбна инсталација), и тоа до 30% од вложеното до 10.000 денари за 2021 год., и до 70% но не повеќе од 15.000 денари, ако се лица со ниски примања. И тука е услов апликантите за ваков вид субвенции веќе да не користеле буџетски средства за оваа намена. И во овој случај важат критериумите за граѓани со различни износи на примања, поточно повисоки субвенции добиваат домаќинства со ниски примања до 30.000 денари вкупно, или пензионерски до 20.000 денари, како и ранливи потрошувачи, приматели на минимална гарантирана помош, лица во социјален ризик (мајчинство, болест, повреда, попреченост, старост).

За сите подетални услови за аплицирање на паричен надоместок од Министерствот за економија, како и за тоа кои обрасци и документи треба да ги приложат, граѓаните треба да видат во деталниот јавен оглас и на страната на Министерството за економија https://economy.gov.mk/

НОВА ОПРЕМА ЗА СЕНЗОРНИТЕ СОБИ НА 3 УЧИЛИШТА ОД КАРПОШ

Сензорните соби на основните училишта „Лазо Трповски“, „Аврам Писевски“ и „Јан Амос Коменски“ добија нови реквизити и училишни помагала за учениците со попреченост. Денеска светот го одбележува 02. Април – Светскиот ден на свесноста за аутизмот, а овие материјали придонесуваат за полесно вклучување на лицата со аутизам во наставата, нивна поголема социјализација и директна комуникација.

Станува збор за интерактивни табли, топки и предмети со топчест облик кои овозможуваат развој на моториката кај најмладите.

Овие реквизити ги дониpаше организацијата „Open fun football schools – Macedonia“, која има континуирана соработка со општина Карпош.

Локалната самоуправа, оваа недела одржа и јавна дискусија за поголема вклученост на младите со попреченост. Дефектолози, педагози и родители дискутираа за намалување на бариерите во наставата.

Имено, општина Карпош во соработка со здружението „ТАКТ“ го спроведува и проектот „Спорт за развој, спорт за сите“, кој овозможува физичка активност и за учениците со попреченост, како и стекнување на вредности преку спортска игра.

Сите чинители се согласни дека физичката активност и правилната работа со учениците со попреченост придонесуваат за надминување на дел од проблемите и отстранување на пречките со кои се соочуваат во тек на воспитно – образовниот процес.